# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО
ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

07.10.2025 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.66 ГОД.30

ПРИМЕРОКОТ Е
Б Е С П Л А Т Е Н

1.Предлог одлука за измена и дополнување на Одлуката на Советот на општина Босилово бр.08-2811/1 од 07.08.2025 година

2.Предлог одлука за измена и дополнување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план,за поединечна градба со намена ФВЦ на КП бр.374/1,КП.бр.374/2,КПбр.375,КПбр.376,КП.бр.387,КП.бр.288/1,КП.бр.390,КПбр.391,КПбр.392,КП.бр.405, КПбр.407,КПбр.408,КПбр.410,КПбр.411 и КП.бр.412 во КО Секирник,општина Босилово.

3.Извештај за материјално финансиското работење на ЈПКД“Огражден“Босилово за периодот 01.04.2025-30.06.2025 година.

4.Предлог-одлука за прифаќање на иницијатива и вклучување на општина Босилово во проект на Меѓународната фудбалска федерација(ФИФА)за уредување на фудбалски спортски игралишта во состав на училишните објекти.

Врз основа на член 44, став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-3027/1 од 05.09.2025 година за давање на СОГЛАСНОСТ на одлуката на управниот одбор на ЈПКД „Огражден„ Босилово за усвојување на извештајот за материјално – финансиското работење за периодот од 01.04.2025 до 30.06.2025 година донесена на шеесет и шестата седница на Советот на општина Босилово, одржана на ден 05.09.2025 година.

**Бр.09-3031/1 Општина Босилово**
**05.09.2025 година Градоначалник,**
**Босилово Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 05.09.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање на СОГЛАСНОСТ на одлуката на управниот одбор на ЈПКД „Огражден„ Босилово за усвојување на извештајот за материјално – финансиското работење за периодот од 01.04.2025 до 30.06.2025 година**

**Член 1**

Се дава СОГЛАСНОСТ на одлуката на управниот одбор на ЈПКД „Огражден„ Босилово за усвојување на извештајот за материјално – финансиското работење за периодот од 01.04.2025 до 30.06.2025 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово,,.

**Бр.08-3027/1 Совет на Општина**
**Босилово**
**05.09.2025 Претседател,**
**Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44, став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-3024/1 од 05.09.2025 година за изменување и дополнување на одлуката на Советот на општина Босилово бр. 08-2811/1 од 07.08.2025 година донесена на шеесет и шестата седница на Советот на општина Босилово, одржана на ден 05.09.2025 година.

**Бр.09-3028/1 Општина Босилово**
**05.09.2025 година Градоначалник,**
**Босилово Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 05.09.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За изменување и дополнување на одлуката на Советот на општина Босилово бр.08-2811/1 од 07.08.2025 година**

**Чл.1**

Член 1 се м енува и гласи:
Се овластува градоначалникот на општина Босилово да поднесе барање за добивање на грант за изработка на техничка документација за проектот:
„ Реконструкција на Дом на културата во с. Моноспитово

**Член 2**

Член 2 се менува и гласи:
Реконструкцијата ќе се однесува на преземање на мерки за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во јавен објект во надлежност на општина Босилово преку:
- Мерки за енергетска ефикасност (изолација на објекти со современи фасадни системи, промена на системи на прозори и врати, реконструкција/изолација на покриви)

- Воведување на обновливи извори на енергија (фотоволтаични системи)
- Замена на загадувачки со помалку загадувачки системи за греење
на објектите,
- Внатрешна реконструкција, реновирање, санација и надградба на објектот (подови, тавани, зидови, тоалети и сл.)

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово,,.

**Бр.08-3024/1 Совет на Општина Босилово**
**05.09.2025 Претседател,**
**Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44, став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-3026/1 од 05.09.2025 година за прифаќање на иницијатива и вклучување во проект донесена на шеесет и шестата седница на Советот на општина Босилово, одржана на ден 05.09.2025 година.

**Бр.09-3030/1 Општина Босилово**
**05.09.2025 година Градоначалник,**
**Босилово Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 05.09.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на иницијатива и вклучување во проект**

**Член 1**

Советот на општина Босилово ја прифаќа иницијативата на Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) за вклучување на општина Босилово во Проектот на Меѓународната фудбалска федерација (ФИФА) за уредување на фудбалски спортски игралишта во состав на училишните објекти.

**Член 2**

За општина Босилово е планирано уредување на едно фудбалско спортско игралиште и истото е лоцирано во училишниот двор на ООУ „Кирил и Методија„ с. Турново.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово,,.

**Бр.08-3026/1 Совет на Општина Босилово**
**05.09.2025 Претседател,**
**Мито Андонов с.р.**

Врз основа на член 44, став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За прогласување на Одлука бр.08-3025/1 од 05.09.2025 година за прифаќање на иницијатива за измена и дополнување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за поединечна градба со намена ФВЦ на КП бр. 374/1, КП.бр. 374/2, КП.бр. 375, КП.бр. 376, КП.бр.387, КП.бр.388/1, КП.бр.390, КП.бр.391, КП.бр.392, КП.бр.405, КП.бр.407, КП.бр.408, КП.бр.410, КП.бр.411 и КП.бр.412 во КО Секирник, општина Босилово.

**Бр.09-3029/1 Општина Босилово**
**05.09.2025 година Градоначалник,**
**Босилово Ристо Манчев с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 05.09.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За прифаќање на иницијативата за измена и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план,за поединечна градба со намена ФВЦ на КП бр.374/1,КП бр 374/2,КП бр.375, КП бр.376, КП бр.387, КП бр.388/1, КП бр.390, КП бр.391, КП бр.392, КП бр.405, КП бр.407, КП бр.408, КП бр.410, КП бр.411 и КП бр.412,во КО Секирник,општина Босилово**

**Член 1**

Се прифаќа иницијатива за измена и дополнување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за поединечна градба со намена ФВЦ на КП бр.374/1,КП бр 374/2,КП бр.375, КП бр.376, КП бр.387, КП бр.388/1, КП бр.390, КП бр.391, КП бр.392, КП бр.405, КП бр.407, КП бр.408, КП бр.410, КП бр.411 и КП бр.412, во КО Секирник, општина Босилово

**Член 2**

Целокупните трошоци за изработка на урбанистичката документација, ќе бидат обезбедени од барателот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово,,.

**Бр.08-3025/1** **Совет на Општина Босилово**

**05.09.2025** **Претседател,**

**Мито Андонов с.р.**